ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **01.03.2021 година** во 09:00 часот во Голема сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска,** Раководител за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски**, Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општина Љубомир Младенов беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната

-Во координација со Лидија Митовска да ги зврши активностите во врска со Сертификацијата и да се донесе одлука за избор на куќа со дадена соодветна цена.

-До крајот на месецот да се достават комплетно процедурите од сите одделенија.

-Да се продолжи постапката со потребна документација за водовод и ставање во функција објект во с.Градец, за потребите на ЛУ Градски музеј.

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

-Отсутен од колегиум

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Од страна на Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната

-Тековни активности

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура, Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се исконтактира изведувачот на канализација во нас.Мизовски Ливади и да се забрза со градежните работи.

-Во среда 03.03.2021 година да се свика состанок во врска со водовод во с.Варовиште и Калин Камен со присуство на Зоран Павловски, Никола Граматиков, Бранко Велиновски и Миле Марковски.

-По завршувањето на јавната набавка за крпење на ударни дупки да се определат локации и да се даде налог на изведувачот. Да се подготви и достави листа на локации до градоначалник во текот на оваа недела.

- Да се даде налог на Еуророад Дизајн за изработка на предмер пресметка за нас.Единство.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина, Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-За да се продолжи постапката за водовод во с.Градец, потребни се геодетски елаборат и инфраструктурен проект да се добие согласност за да се алицира за истиот.

-Да се прати доспис до Водостопанство во врска со давање согласност за поставување платформи за паркинг простор над речно корито, да се исконтактира со општина Штип на кој начин ја имаат водено постапката и каква е потребна докуменатција за таа цел.

-Според Програмата за урбана опрема да се достави список на локации за поставување на дел од подвижните куќички.

-Да се интензивира постапката одредување на локација и носење на потребната документација за локална депонија за градежен шут и земјиште.

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија Антоинио Давитковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се дефинира датум за средба со општина Дупница, Р.Бугарија.

-Дали ќе има потреба од средба во врска со проект со општина Лесковац , Р.Србија.

-Да се спремат приговори по однос на повикот на Министерство за култура за театарскиот и фолклорниот фестивал.

**Одделение за човечки ресурси**

Отсутен од колегиум

**Одделение за правни и општи работи**

Од страна на Билјана Тасевска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

-Информација за завршени и нови јавни набавки.

**Одделение за инспекциски надзор**

-Од страна на Раководителот за испекциски надзор беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Среда (03.03.2021 година) ќе се спроведува акција за заловување на кучиња скитници.

-Комуналните редари да ги проверат сите паркинзи во градот дали има возила со ЦОЛ табли наменети за продажба и да се отстранат истите, исто така да се достави список до ОВР–Крива Паланка за информација од нивна страна.

-Повторно да се интервенира за паркирани возила долж тротоарските површини кон излез на градот.

-Во текот на неделата да се изврши контрола на поставената урбана опрема пред угостителските објекти, и за сите кои немаат обезбедено соодветна документација и дозвола да се преземат мерки.

**ЈП Комуналец**

Од страна на Директорот на ЈП Комуналец, Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се посвети внимание на собирањето на смет околу колективните садови за комунален отпад.

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на Директорот на ЛУ Градски музеј, Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

-Седница на Совет да се планира за 11.03.2021 година, материјалите да бидат доставени до 02.03.2021 година, координација на ден 05.03.2021 година.

**01.03.2021 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**